# ВЛИЈАТЕЛНИ ЕКОНОМИСТИ – ГЕРИ БЕКЕР



Проф. д-р Димитар Николоски

Економски факултет - Прилеп

На 3 мај оваа година згасна животот на еден од најистакнатите современи економисти, нобеловецот Гери Бекер, кој со своето дело остави длабока трага во развојот на економската наука. Негов интерес беа голем број општествени феномени, за чијшто третман, најсоодветен инструментариум овозможува економската теорија во нејзината неокласична форма. Обидите на Бекер да се прошират границите на економијата довеле до основање на движењето наречено „економски империјализам", чијшто најистакнат претставник е самиот тој. Токму тоа претставува повод во овој број на Економија и бизнис подетално да се осврнеме на животот и на делото на овој извонреден економист.

Гери Бекер е роден во 1930 година во Пенсилванија, САД. Своите додипломски студии ги завршил на Универзитетот Принстон, додека со докторат се стекнал на Универзитетот во Чикаго во 1955 година за својата докторска теза од областа на економијата на дискриминација под менторство на Милтон Фридман. Во периодот од 1957 до 1969 година работел како универзитетски професор на Универзитетот Колумбија, по што повторно се вратил на Универзитетот во Чикаго. Таму останал до крајот на својата професионална кариера како професор на департментите по економија, социологија и бизнис.

Истражувачкиот интерес на Бекер опфаќа широк опсег на теми коишто се обединети под заедничкиот назив: „економски пристап на човековото однесување". Во тој контекст, Бекер употребува варијанта на неокласичната теорија за однесување на потрошувачите како метод што може да се примени во анализата на индивидуалниот избор надвор од границите на традиционалниот економски домен вклучувајќи ги: дискриминацијата, образованието, криминалот, зависноста, семејството и алтруизмот. За своето истакнато творештво Бекер има добиено повеќе признанија како што се: John Bates Clark Medal во 1967 година и Претседателскиот медал на слободата во 2007 година. Во 1992 година нему му е врачена Нобеловата награда за економија за проширување на доменот на микроекономската анализа на широк спектар од човековото однесување и интеракција, вклучувајќи го и непазарното однесување. Од големиот број подрачја каде што Бекер со својот истражувачки труд има дадено голем придонес во развојот на економската наука, на ова место ќе ги споменеме следниве: економија на дискриминација; човеков капитал; теорија на потрошувачка и користење на времето; криминал и казнување; општествени интеракции, фертилитет и семејство; позитивна теорија на економската политика.

**Економија на дискриминација**

Творештвото на Бекер на полето на економијата на дискриминација започнува со неговата докторска дисертација публикувана како книга во 1957 година. Уште на самиот почеток идејата дискриминацијата да се третира како економски проблем создала многу контроверзи, но од денешна перспектива, без сомнение, може да се потврди дека Бекеровиот придонес во оваа област бил револуционерен. Теоретската структура на економијата на дискриминација е многу едноставна. Почетна точка на анализата е тврдењето дека дискриминација настанува кога економските агенти изразуваат желба да платат за несклучување договор со други агенти кои имаат различни карактеристики, типично различна боја на кожата. Најважното сознание до кое доаѓа Бекер е дека дискриминацијата е на штета на двете групи, на пример белците и црнците. За да го покаже тоа, тој применува едноставен


Гери Бекер

модел на меѓународна трговија, при што коефициентот на дискриминација игра улога на еден вид царина. Потоа лесно се покажува дека состојбата на дискриминација претставува инфериорен еквилибриум и од аспект на заедницата која има склоност кон дискриминација.

Сепак оваа анализа има и свои недостатоци. Имено, микроекономската заснованост не е развиена со поголем степен на генералност. Потоа склоноста кон дискриминација е претпоставена без подлабока дискусија за нејзиното потекло. Со оглед на тоа дека изворот на дискриминација се индивидуалните преференции, премногу е рестриктивно да се претпостави дека коефициентите на дискриминација се фиксни, т.е. не се менуваат во текот на времето. Особено воочливо е отсуството на соодветен третман на политиките за намалување на дискриминацијата како што се даноците и субвенциите во насока на отстранување на ценовните дисторзии предизвикани од дискриминацијата.

### Човеков капитал

Кога Бекер за првпат ја објавува својата книга „Човеков капитал", овој концепт веќе бил присутен во литературата, но тој за првпат започнал, на систематски начин, да го истражува засилувајќи ја неговата микроекономска заснованост. Според Бекер образованието и тренингот од гледна точка на поединецот можат да се набљудуваат како инвестиции чии бенефити ќе се остваруваат во подолг временски период. При тоа трошоците што ги генерираат овие инвестиции се состојат од директни монетарни трошоци и пропуштена заработувачка за времето додека се стекнува образованието. Образованието претставува профитабилна инвестиција доколку нето сегашната вредност од трошоците и бенефитите е позитивна. Освен тоа, инвестирањето во човечки капитал претставува реална инвестиција од гледна точка на општеството и врз основа на тоа може да се пресметаат како приватната, така и општествената профитабилност на оваа инвестиција.

Една од примените на теоријата на човеков капитал е разграничувањето меѓу општ и специфичен тренинг. Општиот тренинг го подигнува вкупното ниво на вештини на индивидуата и во тој случај работодавачот нема поттик да обезбеди ваков вид тренинг. Бидејќи општиот тренинг за работодавачот претставува еден вид јавно добро, може да се очекува дека тој ќе биде обезбеден од страна на специјализирани институции и за нив ќе плати поединецот или некое колективно тело како што е државата. Од друга страна, специфичниот тренинг ја зголемува продуктивноста само кај конкретниот работодавач со што постои поголема веројатност дека ќе биде вратена инвестицијата во тренингот. Натаму, со помош на развиената теоретска рамка, Бекер дава објаснување на емпириската опсервација за поголема мобилност на младите во споредба со повозрасните работници. Исто така теоријата на човеков капитал овозможила да се понудат објаснувања за одредени емпириски сознанија за коишто претходно се мислело дека се контрадикторни со основната економска теорија како што е, на пример, случајот со парадоксот на Леонтиеф од областа на меѓународната економија според кој САД настојуваат да извезуваат трудоинтензивни производи, што е спротивно на очекувањата засновани на теоријата за меѓународна специјализација.

### Теорија на потрошувачка и користење на времето

Бекер може да се смета за еден од основоположниците и на „новата" теорија на потрошувачка или теорија на производство во домаќинството. Основната идеја на оваа теорија е дека домаќинството може да се третира како „мала фабрика" што создава производи од инпутите како што се пазарните добра и времето на неговите членови. Членовите на домаќинството, исто така, можат своето време да го понудат на пазарот на труд за дадена плата којашто го претставува опортунитетниот трошок за времето на секој потрошувач. Според тоа домаќинството ја максимизира својата корисност за дадени ограничувања како што се: функцијата на производство; рапределбата на времето меѓу пазарот на труд и активности за производство во домаќинството и буџетското ограничување.

Главниот заклучок што произлегува од оваа анализа е дека релативните цени на основните добра зависат од интензивноста на

времето за нивно трошење и од нето-платата. Според тоа, зголемувањето на платата на даден потрошувач нема да резултира само со ефект на супституција во корист на работата, туку ќе доведе и до супституција на повеќе со помалку временски интензивни потрошувачки активности. Бекеровиот особен придонес кон „новата" теорија на потрошувачка се состои во неговото потенцирање на алокацијата на времето и платата како алтернативен трошок на потрошеното време за производство во домаќинството. Неговото дело претставува извор на инспирација за натамошно истражување во овој домен и, од таа гледна точка, тоа претставува најзначаен нов пристап во анализата на семејството.

### Криминал и казнување

Криминалното однесување традиционално не се смета за централно подрачје за истражување во економијата. Почетоците датираат со статијата на Бекер од 1968 година во која тој ја истражува примената на економската теорија во сферата на позитивната теорија на криминалното однесување и нормативната теорија за оптимална политика наспроти криминалот. Прашањата што ги поставува во тој контекст се однесуваат на оптимално користење на ресурсите за спроведување на легислативата и оптимално ниво на казнување за престапниците. За таа цел Бекер ја воведува функцијата на општествена загуба со која ја квантифицира штетата од деликтите и трошоците за осудување и казнување што ги сноси општеството. Оваа функција на општествена загуба ја отсликува загубата за општеството во целина и таа е неутрална во однос на нејзината распределба меѓу поединците во општеството.

Едно од прашањата што природно се наметнува во овој контекст е дали економската пресметка на трошоците и бенефитите претставува најсоодветен начин за определување на „оптимална" политика во однос на криминалот? Со други зборови, дали постојат повисоки вредности што треба да се земат предвид кога се формулираат политиките и се пишуваат законите? Бекеровиот одговор е дека спроведувањето на легислативата претставува економски проблем во смисла на тоа дека ресурсите се ограничени и дека економската анализа е неопходна со цел да се обезбеди нивно ефикасно користење. Според тоа, несомнено е дека Бекер даде голем придонес во поставување на темелите од една нова ера на теоретско и емпириско истражување во оваа област.

### Општествени интеракции, фертилитет и семејство

Главното дело на Бекер во сферата на истражувањата посветени на семејството е „Расправи за семејството" објавено во 1981 година. Во тој контекст Бекер се обидува да понуди целосна економска теорија за семејството, неговото формирање и растурање, внатрешната поделба на трудот и алокацијата на ресурсите. Основниот модел на семејството е употребен за да се објасни неговата улога во традиционалното наспроти модерното општество, потоа промените во фертилитетот во текот на времето и меѓу општествените групи. На тој начин Бекер ја поставил економската теорија за истражување на интересни и значајни прашања во оваа област.

Во „Расправи за семејството" Бекер најнапред вниманието го посветува на проблеми како што се поделбата на трудот и природата на брачниот договор. При тоа компаративната предност е заснована врз биолошките разлики, односно жената ги раѓа и ги одгледува децата во замена за заштита и „осигурувањето" што го обезбедува мажот. Разводот, слично како и склучувањето на брак, се третира како одлука што вклучува анализа на приходите на двајцата сопружници во рамките и надвор од бракот. Во тој контекст, порастот на стапката на разводи е објаснета преку порастот на платите на жените и зголеменото социјално осигурување, а истите фактори придонесуваат за намалување на просечниот број деца во семејството и зголемување на бројот на вонбрачни деца. Во заклучните размисли од оваа книга се поместени интересни предвидувања за развојот на семејството во иднината.

### Наместо заклучок

Првото нешто што го забележува читателот на Бекеровите трудови е нивниот иновативен карактер. Неговото дело, исто така, имало силно влијание врз творештвото на голем број други истражувачи во економијата и другите општествени науки. Водечкиот принцип во Бекеровото истражување е дека економската теорија може успешно да се примени врз широк спектар прашања во општествените науки. Тоа довело тој да се зафати со проблеми што претходно не биле сметани за соодветен предмет во економската наука со што, очекувано, ја заслужил Нобеловата награда за економија. На крај, вредно е да се цитира на кој начин Бекер го дефинира економскиот пристап во своите истражувања: „Комбинираните претпоставки за максимизирање во однесувањето, пазарната рамнотежа и стабилните преференции, користени неуморно и решително, ја сочинуваат срцевината на економскиот пристап на начин како што го гледам јас".